**Прилог 1**

**До** ________________________________

(Барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти од значење за Републиката, бесправни објекти на здравствените установи за терцијална здравствена заштита и бесправни електронски комуникациски мрежи и средства, се доставува до Министерството за транспорт и врски.
Барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење, бесправни објекти на здравствените установи за примарна и секундарна здравствена заштита, се доставува до единицата на локална самоуправа на чие подрачје е изграден објектот)

# Б А Р А Њ Е

**за утврдување на правен статус на бесправни објекти од значење за Републиката, бесправни објекти од локално значење и бесправни објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита**

Од ______________________________________________________________

**(име и презиме на физичко лице / назив на правно лице)**

______________________________________________________________

**(адреса на физичко лице / правно лице)**

Лице за
контакт:________________________________________тел.______________

Вид на бесправен објект________________________________________

Адреса или број на катастарска парцела со назив на катастарска општина
на која се наоѓа бесправниот објект ____________________________________

Кон барањето за утврдување на правен статус приложувам:

1. Уверение за државјанство или копија од лична карта за домашно физичко лице односно копија од патна исправа за странско физичко лице, а за домашно и странско правно лице, извод од Централен регистар на Република Македонија односно од соодветната институција во државата во која странското правно лице има седиште;

2. Доказ за приклучок на комунална инфраструктура и/или сметки за јавни услуги (струја, вода итн.) со датум пред 3 Март 2011 година а доколку бесправниот објект нема инфраструктурни приклучоци изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека бесправниот објект е изграден пред 3 Март 2011 година;

3. Геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект;

4. Договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот;
**(овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице)**

   **или**

   Уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност од барателот, во која истиот потврдува која година е изграден бесправниот објект;
**(овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а сопственикот односно сосопственикот на земјиштето нема дадено изјава дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот или нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со барателот)**

5. Договор за купопродажба на земјиштето и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, со која барателот потврдува дека барателот или лицето чиј наследник е барателот го имаат купено земјиштето од поранешниот сопственик и истото го користат повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот;
**(овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект е изграден на земјиште пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба, на кое како корисник во имотниот лист е евидентиран поранешниот сопственик, а барателот го користи земјиштето повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот)**

6. Уверение за идентификација на катастарската парцела издадено од Агенцијата за катастар на недвижности;
**(овој доказ се доставува само доколку постои неусогласеност на броевите на катастарските парцели кои се наведени во договорот за купопродажба склучен со поранешен сопственик кој се доставува согласно точка 5 на ова барање, со броевите на катастарските парцели наведени во Имотниот лист за земјиштето.)**

7. Известување од нотарот повереник на оставинскиот суд дека се води оставинска постапка за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект;
   **(овој доказ се доставува само доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект кој е изграден на земјиште со нерасчистени имотни односи, поради тоа што не е спроведена оставинска постапка)**

8. Список на станари, договори за купопродажба на становите во зградата, како и уверение за државјанство или копија од лична карта од сите иматели на стан во зградата, доколку барањето се однесува за станбена зграда за колективно домување;
   **(во овој случај потребно е барањето да е поднесено од заедницата на станари или да е потпишано од повеќе од половината иматели на стан во зградата, а доколку барањето се однесува за бесправен дел (доградба, надградба) на станбена зграда подносител на барањето е само имателот на делот кој е бесправно изграден)**

9. Изјава заверена на нотар, дадена под материјална и кривична одговорност, со која барателот потврдува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект на негова одговорност и нема да бара надомест на штета од надлежен орган при настанување на евентуална штета поради елементарна непогода како и дека ќе ја надомести секоја штета врз животната средина настаната од влијанието на предметниот објект;
   **(овој доказ се доставува само доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита, како и бесправен објект со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на природни езера)**

10. Основен проект-фаза статика;
   **(овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект се наоѓа во потенцијално нестабилна зона за која е донесена одлука од страна на Советот на општината)**

**Датум и место на поднесување** **Барател**

____________________________ ____________________

Прилог 2

**До ________________________________**

(Барањето за утврдување на правен статус на бесправни линиски инфраструктурни објекти од значење за Републиката се доставува до Министерството за транспорт и врски, а барањето за утврдување на правен статус на бесправни линиски инфраструктурни објекти од локално значење, се доставува до единицата на локална самоуправа на чие подрачје е изграден објектот)

# Б А Р А Њ Е

## за утврдување на правен статус на бесправни објекти<br>кои се линиски инфраструктурни објекти

Од____________________________________________________________

**(назив на барател)**

____________________________________________________________

**(адреса на барател)**

Лице за контакт:_________________________________тел.______________

Вид на бесправен објект___________________________________________

Адреса или број на катастарска парцела со назив на катастарска општина на која се наоѓа бесправниот објект ___________________________________

Кон барањето за утврдување на правен статус приложувам:

1. Извод од Централен регистар на Република Македонија;

2. Доказ за извршени градежни работи, или потврда од барателот, или изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност од барателот со која истиот потврдува дека бесправниот објект е изграден пред 3 Март 2011 година;

3. Геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на надземен бесправен линиски инфраструктурен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден, доколку барањето се однесува за надземен лински инфраструктурен објект односно Геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на подземен бесправен линиски инфраструктурен објект без имотен лист за земјиштето под кое е изграден објектот, доколку барањето се однесува за подземен лински инфраструктурен објект;

4. Изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека објектот е функционална целина и може да се употребува;

5. Договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот или потврда за решени имотноправни работи за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект издадена од органот на државна управа надлежен за имотно-правните работи;

   **(овој доказ се доставува само доколку надземен бесправен линиски инфраструктурен објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице)**

   **или**

   Уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност од барателот, во која истиот потврдува која година е изграден бесправниот објект;
   **(овој доказ се доставува само доколку надземен бесправен линиски инфраструктурен објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а сопственикот односно сосопственикот на земјиштето нема дадено изјава дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот или нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со барателот или барателот нема доставено потврда за решени имотноправни работи за земјиштето издадена од органот на државна управа надлежен за имотноправните работи)**

**Датум и место на поднесување** **Барател**

____________________________ __________________

**Прилог 3**

**До Министерството за транспорт и врски**

**Б А Р А Њ Е**

**за утврдување на правен статус на**
**бесправни електронски комуникациски мрежи и средства**

Од

______________________________________________________________

**(назив на барател)**

______________________________________________________________

**(адреса на барател)**

Лице за контакт:________________________________тел.____________

Вид на бесправен објект__________________________________________

Адреса или број на катастарска парцела со назив на катастарска општина на која се наоѓаат електронските комуникациски мрежи и средства

______________________________________________________________

Кон барањето за утврдување на правен статус на електронски комуникациски мрежи и средства кои се бесправно изградени на земјиште приложувам:

1. Извод од Централен регистар на Република Македонија;

2. Изјава заверена кај нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека електронските комуникациски мрежи и средства се изградени пред пред 3 Март 2011 година;

3. Геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект, а доколку се работи за бесправни линиски електронски комуникациски мрежи и средства се доставува Геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на надземен бесправен линиски инфраструктурен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден објектот односно Геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на подземен бесправен линиски инфраструктурен објект без имотен лист за земјиштето под кое е изграден објектот;

4. Изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека електронските комуникациски мрежи и средства претставуваат функционална целина и може да се употребуваат;
   **(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за бесправни линиски електронски комуникациски мрежи и средства)**

5. Договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронските комуникациски мрежи и средства и истите да се запишат во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот;
   **(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за надземни електронски комуникациски мрежи и средства кои се изградени на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице)**
   **или**
   Уверение за движење за земјиштето на кое се изградени електронските комуникациски мрежи и средства и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност од барателот, во која истиот потврдува која година се изградени електронските комуникациски мрежи и средства;
   **(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за надземни електронски комуникациски мрежи и средства кои се изградени на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а сопственикот односно сосопственикот на земјиштето нема дадено изјава дека е согласен да се утврди правен статус на надземните електронски комуникациски мрежи и средства и истите да се запишат во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот или нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со барателот)**

6. Основен проект - фаза статика;
   **(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за бесправни електронски комуникациски мрежи и средства кои не се линиски, при што доколку се работи за електронски комуникациски мрежи и средства- колокации за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа, овој доказ го доставува само барателот кој е имател на антенскиот столб)**

7. Изјава од имателот на антенскиот столб со која истиот изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронската комуникациска опрема која колоцира со антенскиот столб или Договор со имателот на антенскиот столб со кој е уредено правото на колокација;
   **(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за електронска комуникациска опрема која колоцира со антенски столб, како дел од колокација за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа)**

Кон барањето за утврдување на правен статус на електронски комуникациски мрежи и средства кои се бесправно поставени на објекти, приложувам:

1. Извод од Централен регистар на Република Македонија;

2. Изјава заверена кај нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека електронските комуникациски мрежи и средства се изградени пред пред 3 Март 2011 година;

3. Геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправниот објект со имотен лист со запишано право на земјиштето под објектот на кој се поставени електронските комуникациски мрежи и средства;

4. Согласност од 51% од станарите или договор за поставување на електронски комуникациски мрежи и средства склучен со заедницата на сопственици на станови ако електронските комуникациски мрежи и средства се поставени на колективен објект односно од сопственикот на објектот ако се поставени на индивидуален објект;

5. Основен проект-фаза статика;
   **(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за бесправни електронски комуникациски мрежи и средства кои не се линиски, при што доколку се работи за електронски комуникациски мрежи и средства-колокации за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа овој доказ го доставува само барателот кој е имател на антенскиот столб.)**

6. Изјава од имателот на антенскиот столб со која истиот изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронската комуникациска опрема која колоцира со антенскиот столб или Договор со имателот на антенскиот столб со кој е уредено правото на колокација;
   **(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за електронска комуникациска опрема која колоцира со антенски столб, како дел од колокација за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа)**

7. Изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека електронските комуникациски мрежи и средства се функционална целина и може да се употребуваат;
   **(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за бесправни линиски електронски комуникациски мрежи и средства поставени на објекти)**

**Датум и место на поднесување** **Барател**

______________________________ ____________________